# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Четвртото продолжение на Деведесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 15 јануари 2002 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 12,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието на Република Македонија.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Продолжуваме со работа по Деведесет и шестата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Весна Јовановска, Валентина Божиновска и Чедо Петров, ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Минуваме на точката 18 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за надворешно-трговско работење, со Предлог на закон.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Драган Митевски, Амди Бајрам и Данило Глигороски, поднесоа амандмани за менување на член 1 и за менување на член 2 по кои Владата не се произнела.

Пратениците Чедомир Краљевски и Илјаз Халими поднесоа амандмани на насловот на Предлогот на законот и за додаваше нов член 4 по членот 3 по кои Владата не се произнела.

Кон овие амаднмани се приклучија и пратениците Ванчо Панчев, Панде Томов, Слободан Ќосев и Митко Киров.

Пратеникот Слободан Даневски поднесе амандмани за менување на член 1, за менување на член 2 и за менување на член 3 по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1 поднесен од пратениците Драган Митевски, Амди Бајрам и Данило Глигороски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПЕТАР ДУЉАНОВ:**

Амандманот се прифаќа.

Преставникот од Министерството за економија, заменикот ќе го брани амандманот.

**ПРЕСТАВНИК ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 2 поднесен од пратениците Драган Митевски, Амди Бајрам и Данило Глигоровски.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

**ПРЕСТАВНИК ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван претседателе, ние пред да ја прекинеме минатиот пат седницата подолго време дискутиравме, мислам дека имаше расположение во сите пратенички групи и во пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ и од СДСМ, мегутоа, колку што јас знам и другите пратнеички групи во Собранието го прифаќаат ова залагање да се израмни, односно да се дозволи до десет години старост да бидат возилата и од приватни и од правни субјекти по претпријатија слободно увезувани. Така што едноставно апелирам сега да го изгласаме овој амандман. Ако има некој друг нека додаде нешто во поддршка од колегите пратеници.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Молам, стручните служби да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Ве молам да гласаме.

Се работи за амандманот за менување на член 2 поднесен од пратнеиците Драган Митевски, Амди Бајрам и Данило глигоровски.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 66 пратнеици, за гласале 52 пратеници, воздржано гласаа 10пратеници, против гласаа 4 пратеници.

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на насловот на предлогот на Законот поднесен од пратнеиците Чедомир Краљевски, Илјаз Халими, Ванчо Панчев, Панде Томов, Слободан Ќосев и Митко Киров.

Го молам преставникот на Владата да се произнесе.

**ПРЕСТАВНИК ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА:**

Амандманот се прифаќа

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само да објаснат предлагачите.

**ЧЕДОМИР КРАЉЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани претставници на Владата, би сакал да дадам едно кратко објаснување во врска со хомологацијата на старите моторни возила, а кое ги тангира овие моторни возила што се третираат со овој амандман. Имено, сакам да истакнам дека под поимот увозно царинење се подразбира дека предметните возила не подлежат на позитивните прсписи што се однесуваат на хомологација на старите возила а кои се составен дел на Законот за безбедност на сообраќајот на патиш-тата на моторните возила.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор, Амди Бајрам.

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине претседателе, јас се приклучувам на истиот амандман кој е даден од моите колеги пратеници.

**ПРЕСТАВНИК ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА:**

Амандманот се прифаќа

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 4 по членот 3 поднесен од пратениците Чедомир Краљевски, Илијаз Халими, Ванчо Панчев Панде Томов, Слободан Ќосев и Митко Киров.

Го молам претставнико тна Владата да се произнесе.

**ПРЕСТАВНИК ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА:**

Амандманот се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Отворам претрес по амандманот за менување на член 1 поднесен од пратеникот Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ПРЕСТАВНИК ОД МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА:**

Амандманот не се прифаќа.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој бара збор?

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници и господас министри, овој амандман го поднесов со цел сите граѓани во Република македонија да бидат еднакви пред законот. Ако оваа моја заложба уште пред два месеци за оваа иницијатива што денеска ја има, усвојување и усогласузање од Владата на г-динот Георгиевски и дека имаше сенс за ова мое барање за возилата кои беа внесени во 2001 година. Јас сега благодарам за ова што помина, бидејќи Владата, претставникот на Владата ги прифати овие два амандмана на кои и јас се приклучувам, што беа предло-жени од група пратеници на ВМРО ДПМНЕ. Но, да бидеме чесни спрема другит грагани на Република Македонија, бидјеќи овие три мои амандмани, ако се усвојат, значи сега се отвора ново прашање, односно се руши концептот на она што е прифатено од Владата. Мојата заложба беше во сите три аманмани да има неограничено години при увозот на стари возила, со тоа што Законот за хомологација кој ќе биде практично уредување и лимитирање со техничката исправност на моторните возила ќе ја ограничи годишната старост на сите моторнми возила. Новина во ова е што не се работи само за патничките моторни возила, туку се работи и за товарни, полумоторни возила, и приклучни возила.Да се даде шанса на сите оние што можат да внесат. Но, бидјеќи расположениeто во парламентот е такво и е прифатен овој амандман од група пратеници, јас ќе ги повлечам овие три амандмани затоа што се безпредметни.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Значи немаме амандмани понатаму.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

**МИРКО ИВАНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници, мислам дека, моите колеги од позицијата, а после мојот предложен амандман кој беше даден да се легализираат овие возила кои беа внесени во Македонија, мислам дека позитивно делуваше и согледувајќи ја грешката која тогаш се направи, и не се поддржа амандманот, мислам дека предложија амандман кој е прифатлив за граѓаните на Република Македонија да го решат овој проблем кој беше веќе создаден од позицијата. Така што сега се изјаснувам дека ќе *то* поддржам законот и ќе гласам за истиот.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 71 пратеник, за гласале 66 пратнеици, воздржанс гласале 5 пратеници, против никој не гласал.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за надворешно-трговско работење.

Бидејќи немаме 80 присутни пратнеици, не можеме да преминеме на точката 16.

(Седницата прекина во 13,5 часот. )